Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

# План за комуникација во процесот на прогласување на Шар Планина за национален парк

**ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА И РАЗВОЈ - ТЕАРЦЕ**
Јуни, 2020

Цитирање: И. Андреевска и Ф. Пандурска-Драмиќанин, План за комуникација во процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк. ГЕФ/УНЕП проект „Постигнувањето на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето". 2020 година, Скопје.

Планот за комуникација во процесот за прогласување на национален парк Шар Планина е изработен во рамки на проектот: „Постигнувањето на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирање на користење на земјиштето", финансиран од Глобалниот фонд за животна средина (ГЕФ), а имплементиран преку Програмата за животна средина на Обединети Нации (УНЕП), регионалната канцеларија во Виена и Министерството за животна средина и просторно планирање на Северна Македонија како главен партнер и корисник.

## Автори:

Ирена Андреевска и Фросина Пандурска-Драмиќанин

## УНЕП проектен тим:

Харалд Егерер - Раководител на УНЕП, Канцеларија во

Виена Соња Геберт - Менаџер на проектот

Искра Стојанова - Координатор на проектот

Евгенија Јордановска Нечковски - Асистент на

проектот Фјола Халили - Асистент на проектот

Им благодариме на вработените од Министерството за животна средина и просторно планирање, за поддршката и соработката при изработка на Планот за комуникација во процесот за прогласување на национален парк Шар Планина, а особено на Ангелина Јовановиќ од Канцеларијата за комуникации со јавноста.

Белешка од авторите: При изработка но овој документ користено е искуството од процесот за подготовка на документот „Кампања за прогласување на Осоговските Планини за заштитено подрачје“, изработен од Институтот за комуникациски студии – Скопје, ИКС (октомври, 2018). Воедно како образец е искористен документот „Кампања за прогласување на Малешевски Планини/Ченгино Кале за заштитено подрачје, (февруари, 2020) исто така подготвен за потребите на проектот Програма за зачувување на природата во Северна Македонија од страна на Инситутот за комуникациски студии. Во подготовката на документот беа користени и истражувања и анализи изработени од платформата „Пријатели на Шара“ направени во рамки на различни проекти спроведувани во периодот од 2016-2020 година во којшто беа вклучени и авторите на овој документ.

# СОДРЖИНА

## Contents


**СОДРЖИНА** ... **3**

**ВОВЕД** ... **4**

**Биолошката разновидност на Шар Планина** ... **5**

**Административна поделба** ... **6**

**Историјат на иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк** ... **7**

**Вклученост на засегнатите страни во процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк (2010-2020)** ... **8**

**МЕТОДОЛОГИЈА** ... **9**

**Предизвици и предности во процесот на прогласување на Шар Планина за национален парк** ... **9**

Предизвици: ... 9

Предности: ... 10

**ЦЕЛИ НА КАМПАЊАТА** ... **12**

**Општа цел на кампањата:** ... **12**

**Конкретни комуникациски цели:** ... **12**

**Целна публика** ... **12**

Примарна публика ... 12

Секундарна публика ... 13

**СТРУКТУРА НА КОМУНИКАЦИСКИ ТИМОВИ** ... **14**

**Тим за консултација во процесот на преговарање** ... **14**

**Комуникациски тим** ... **14**

**СТРАТЕГИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА** ... **15**

**Пораки** ... **15**

**Генерална порака** ... **15**

**Пораки за одделни целни публики:** ... **16**

**ПЛАН НА АКТИВНОСТИ** ... **19**

**Подготвителна фаза** ... **20**

**Фаза за реализација** ... **21**

Настани за промоција на Шар Планина за национален парк ... 22

**Канали за комуникација** ... **24**

**Ресурси** ... **24**

**ЕВАЛУАЦИЈА** ... **25**

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:** ... **29**

# ВОВЕД

Иницијативата Шар Планина да стане национален парк е стара повеќе децении. Зад нea, изминативе години се обединија различни институции, експерти, граѓански организации од земјава, меѓународни организации, љубители на природата како и локално население од Полошкиот Регион. Последниве години оваа иницијатива доживува институционален прогрес со подготовката на *Студија за валоризација на Шар Планина* (2020)[1] и со прифаќање на Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категорија II- национален парк од страна на Владата (05.05.2020), во согласност со Законот за заштита на природата[2]. Од комуникациски аспект претстои период кој бара вклученост на сите засегнати страни во процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк, почнувајќи од институциите одговорни за постапката, односно Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), потоа други релевантни министерства и јавни претпријатија, Владата на Република Северна Македонија која во согласност соЗаконот за заштита на природата треба да формира Јавна установа, надлежна за управување со идниот НП Шар Планина и да обезбеди негово долгорочно финансирање од државен буџет, сè до граѓанските организации кои го поддржуваат овој процес и кои треба да ги пренесуваат информациите до локалното население и генералната публика[3].

Следејќи ги националните цели за заштитените подрачја во Република Северна Македонија, опфатени во Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027) и Националната стратегија за биолошка разновидност со Акциски План за период (2018-2023), а со цел Шар Планина да се прогласи за национален парк, во рамки на ГЕФ проектот „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитените подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирањето на користење на земјиштето“ (STAR5), кој се имплементира преку Програмата за животна средина на Обединети Нации (УНЕП), а МЖСПП е главен партнер и корисник на резултатите од проектот, ангажиран е Центарот за едукација и развој - ЦЕД, Теарце, како локален партнер при координација и спроведување на активностите во рамките на претстојната јавна кампања за прогласување на Шар Планина за национален парк. Целта на јавната кампања е да се информира и едуцира за тоа што претставува„национален парк“, кои се придобивките од заштитените подрачја за државата и локалното население, а со самото тоа да се обезбеди поддршка од целните публики. Пред да се изработи планот за комуникација кој треба да го олесни процесот преку подобро информирање и едуцирање на целните публики, се пристапи кон истражување за да се соберат што повеќе информации кои ќе помогнат во дефинирање на комуникациските цели, целните публики, пораките, активностите и каналите на комуникација. Во периодот на спроведување на јавната кампања, а на иницијатива на МЖСПП, ќе се склучи и Меморандум за соработка со граѓански локални и национални организации кои со свои комплементарни активности сакаат да го поддржат процесот на прогласување, но и да придонесат во понатамошната грижа и заштита на идниот национален парк.

За да се следи спроведувањето на активностите и да се измери успешноста на кампањата, на крајот на овој документ е дефиниран и метод за мониторинг и евалуација. Овој документ треба да послужи како рамка на планирани комуникациски активности кои ќе помогнат да се обезбеди

---

[1] УНЕП регионална канцеларија во Виена. стр 683. Студија за валоризација на Шар Планина, 2020. Линк до Студијата: http://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2015/01/Studija-za-valorizacija-na-Shar-Planina_konecna-verzija-mart-2020.pdf

[2] https://vlada.mk/sednica/2020-49

[3] Целната публика во кампања се групите или луѓето кои можат да ја направат промената, во случајов целна публика се групите/институциите и граѓаните што треба да ја поддржат иницијативата Шар Планина да се прогласи за национален парк

континуирана комуникација со различни целни публики со цел да се олесни процесот на прогласување на Шар Планина за национален парк. Пред да се премине на определување на комуникациските цели на кампањата во овој документ, накусо е даден осврт на природните вредности на Шар Планина, административната поделба на регионот и досегашните иницијативи и активности поврзани со процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк, односно вклученоста на различните засегнати страни.

## Биолошката разновидност на Шар Планина

Шар Планина е најголемиот планински масив во Република Северна Македонија, со огромна важност за националната биолошка разновидност. Воедно, прекуграничниот регион Шар Планина-Кораб-Коритник има потенцијал да биде еден од најголемите прекугранични заштитени подрачја во југоисточна Европа. Високопланинскиот масив кој се протега на северозападниот дел на Република Северна Македонија и на територијата на јужно Косово во своите најшироки природни граници (како масив, со сите ограноци) зафаќа површина од 2480 $km^2$, од кои 881 $km^2$ или 35,5% се во Република Северна Македонија. Делот од Шар Планина во нашата земја што беше предмет на валоризација во рамки на Студијата за валоризација на Шар Планина има површина од 697,8 $km^2$ (без територијата на НП Маврово). Шар Планина е еден од најважните природни простори на Балканскиот Полуостров, но и во Европа. Само за видовата разновидност (флора, фауна, фунги) за Шар Планина се објавени околу 600 научни трудови, во кои се наоѓаат податоци за над 4300 вида. Две третини од вкупната флора во државата е присутна на Шар Планина, а од васкуларните растенија дури 53 се среќаваат само на Шар Планина. Од крупните цицачи вид со највисок конзервациски статус е балканскиот рис (*Lynx lynx balcanicus*), критично загрозен според црвената листа на IUCN, со не повеќе од 50 единки останати на Балканот (Melovski et al. 2018). Од птиците, вид со највисок конзервациски статус е египетскиот мршојадец, загрозен според црвената листа на IUCN (BirdLife International, 2008). Од аспект на херпетофауната, посебен интерес за Шар Планина е присуството на *Testudo graeca* и на *Vipera ursinii*, кои се означени како ранливи според црвената листа на IUCN (VU). Дополнително, *Vipera ursinii* е на листата на строго заштитени диви видови во нашата земја, додека, пак, *Testudo graeca е* на листата на заштитени диви видови. Од рибите, *Salmo macedonicus* е балкански ендемит со нативен ареал на распространување во реката Вардар, реката Нестос во Грција, сливното подрачје на реката Струма и во реката Марица во Бугарија (Stefanov, 2007). *S.vardarensis* е ендемичен вид риба за сливот на реката Вардар (Kotelatand Frayhof, 2007).

Од околу 54 регистрирани видови правокрилци Orthoptera, на македонската страна од Шар Планина, четири вида се заштитени или се сметаат за загрозени: *Odontopodisma albanica*, оценета VU (Vulnerable) во црвената листа на Република Северна Македонија (Lemonnier-Darcemont et al., 2015). Дневните пеперуги на Шар Планина се претставени со 176 вида или 86,27 % од вкупно 204 познати вида за Република Северна Македонија. На Шар Планина се регистрирани 38 вида дневни пеперуги (Lepidoptera: Rhopalocera) кои се значајни за валоризација на испитуваното подрачје.

Заради исклучителните природни вредности, делови од Шар Планина се идентификувани како еден од најзначајните подрачја за зачувување на природата на национално, регионално и европско ниво.

Шар Планина на национално ниво е идентификувана како значаен орнитолошки локалитет, значајно растително подрачје и значајно подрачје за пеперутки.

Дел од Шар Планина е вклучен во Националната емералд мрежа, која произлегува од обврските на државата за имплементација на Конвенцијата за заштита на дивиот свет и

природните живеалишта во Европа (Бернска Конвенција).

Шар Планина претставува потенцијално идно Натура 2000 подрачје, кое поседува високи природни вредности, но за потврда на истите потребно е да се реализираат повеќегодишни научни истражувања за присуство на живеалишта и видови од ЕУ значење во согласност со ЕУ директивите за живеалишта и птици.

Освен богата биолошка разновидност, оваа планина е особено значајна по уникатните предели кои се формирале со векови и како резултат на традиционалното сточарство и од аспект на агробиодиверзитетот, домашните раси и извонредно богатите пасишта.[3]

Токму поради ова природно богатство, Шар Планина е предложена за заштита во категоријата **национален парк[4].**

## Административна поделба

Од аспект на административната поделеност, територијата на Шар Планина во наведените граници на идниот национален парк административно припаѓа на седум општини, и тоа: Општина Јегуновце, Општина Теарце, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Врапчиште, Општина Гостивар и Општина Маврово и Ростуше. Најголем дел од површината припаѓа на Општина Тетово (220,3 km$^2$), а најмал дел (26,4 km$^2$) на Општина Маврово и Ростуше.

Слика 1. Административна поделба во предлогот за национален парк Шар Планина




(Социо-економска студија за Шар Планина)

Во опфатот на Шар Планина се наоѓаат и околу 15 селски населби: Вејце, Бродец, Шипковица, Бозовце, Ново Село и др. Долж источната граница, на контактот на планината и дното на котлината, поточно на планинскиот појас, има уште 35 селски населби (Теарце, Џепчиште, Боговиње, Врапчиште, Вруток и др.), како и градот Тетово. Вкупниот број на население во споменатите 49 населби, според пописот од 2002 година, изнесува 93 455 жители,

[4] Во согласност со член 72 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04 со измени и дополнувања), националниот парк е пространо претежно неизменето подрачје на копно или вода со особени повеќекратни природни вредности, кое опфаќа еден или повеќе сочувани или незначително изменети екосистеми, а првенствено е наменет за зачувување на изворното природно, културно и духовно богатство. Националниот парк има научно-истражувачка, културна, воспитно-образовна и туристичко-рекреативна намена.

што значи дека областа е густо населена. Според предлогот, во границите на идниот национален парк Шар Планина ќе влезат 8 села, додека воспоставувањето на заштитеното подрачје директно или индиректно ќе влијае врз 94 села и два града во полошкиот регион.[5]

## Историјат на иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк

Иницијативата за прогласување на македонскиот дел на Шар Планина за национален парк на институционално ниво датира од 1994 година, како дел од соработката помеѓу Републичкиот завод за заштита на природните реткости на Р. Македонија (правен претходник на Секторот за природа при МЖСПП), Скопје и Заводот за заштита на природата на Србија, Белград. Во 1997 година тогашното Министерство за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина изготвило Предлог за донесување закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк со предлог-закон. Законот подоцна е усвоен од Владата на Република Македонија и доставен до Собранието за разгледување. Од 1999 до 2001 година пратениците во Собранието повеќе пати дискутираат на оваа тема, но за жал законот никогаш не бил изгласан.

Интересот за прогласување на Шар Планина за национален парк е вграден во Националниот просторен план и неговата Студија за заштита на природното наследство (2004).

Во периодот 2006-2010 година Македонското еколошко друштво, со финансиска поддршка од германската фондација „Еуронатур“, спроведе активности за заштита на природните вредности на Шар Планина и ја објави публикацијата „Природните вредности на Шар Планина“. Во овој период е изработена студијата „Валоризација на природните вредности на Шар Планина и процена на нивната пазарна вредност″ (Меловски и Христовски, 2008), финансирана од МЖСПП, со која е проценета економската вредност на природните богатства на Шар Планина според подготвеноста на локалното население да плати за зачувување на природата 3,2 милиони евра годишно.

Во 2006 година Шар Планина беше една од приоритетните планини во агендата на УНЕП во рамки на иницијативата за вмрежување на планинските заштитени подрачја на Балканот и Динарскиот Појас. Со овој проект беше истакнато дека подрачјето Шар Планина- Кораб-Дешат може да стане најголемото заштитено подрачје во југоисточна Европа[6]

Информација за потребата од прогласување на Шар Планина за национален парк беше подготвена во 2010 година. Владата формира меѓуминистерска работна група со цел да ги земе предвид сите планирани економски активности во предлогот..

Во Репрезентативната карта на заштитени подрачја во Македонија (2011) е даден предлог за прогласување на Шар Планина за национален парк со површина од 49520,5 ha.

Во исто време, со цел промоција на прекуграничното заштитено подрачје Шар Планина-Кораб-Дешат на Попова Шапка, беа организирани две големи трилатерални конференции од страна на МЖСПП (со поддршка од УНЕП-Виена, Еуронатур-Германија и Македонското еколошко друштво). Од втората конференција произлезе т.н. *Визија за прекугранично подрачје*

---

[5] Деконс ема, 2020 Социо-економска студија за Шар Планина. Проект „Поддршка на земјите од Западен Балкан за имплементација на мултилатералните договори за животна средина преку зајакнување на нституционалната рамка и градење на капацитетите“, имплементиран од УНЕП, со поддршка од италијанското Министерство за животна средина, земјиште и море.

[6] http://www.unep.at/documents_unep/Balkan_Feasibility_Studies/Sharr_25-10-2010.pdf

*Шар Планина-Кораб*[7], која беше потпишана од министрите за животна средина на Република Македонија, Албанија и на Косово, како и од други чинители.

Во 2015 година, во рамки на проектот „Зачувување на биодиверзитетот преку одржливо користење на природните ресурси на Шар Планина" поддржан од германската фондација(DBU), е иницирано формирање локална акциска група или неформална платформа „Пријатели на Шара"[8] со мисија да лобира Шар Планина да се прогласи за национален парк.

Најголем прогрес во однос на постапката за прогласување на Шар Планина за национален парк е направен со подготовката на *Студија за валоризација на Шар Планина* (2020) и со прифаќање на Одлуката за прифатливоста на предлогот за прогласување на дел од Шар Планина за заштитено подрачје во категорија II - национален парк од страна на Владата (05.05.2020).[9]

## Вклученост на засегнатите страни во процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк (2010-2020)

Како што е наведено во поглавјето Историјат на иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк, вклученоста на различните засегнати страни во овој процес особено е интензивирана по 2010 година, во рамки на различни проекти, конференции и активности спроведени од меѓународни, национални или локални здруженија. Во процесот на изработка на документот *Визија за прекугранично подрачје Шар Планина-Кораб (2011)* се вклучија претставници на локалната власт, граѓански здруженија и други чинители од Република Северна Македонија, Косово и Албанија во 2010 и 2011 година додека во изработка на докуменотот *Визија за Шар Планина 2038 (2018)*[10] се вклучија претставници на месни заедници, верски заедници, општини, невладини организации, планинарски друштва, скијачки клубови, ловечки друштва, собирачи на шумски плодови, сточари, претставници на МЖСПП, МЗШВ, ЈП „Национални шуми" и на ЈП за стопанисување со пасишта како и локално население од шесте општини во Полог.

Од двата важни документи се издвојува пораката дека единствено национален парк може да спречи: неодржливо сечење на шумите, неодржливо собирање споредни шумски производи, неодржливо искористување на дивечот преку илегален лов, нелегални градежни активности (дивоградби) и шумски пожари, од друга страна, може да отвори нови перспективи за помладата генерација и неговото фунционирање да биде поддршка и поттик за одржлив економски развој. Важно е да се истакне дека иницијативата Шар Планина да се прогласи за национален парк ужива високата поддршка и од локалното население, ова е потврдено во истажување од 2016 година кога 83 % од испитанциите одговорија позитивно на прашањето дали Шар Планина треба да биде национален парк.[11]

---

[7]https://www.euronatur.org/fileadmin/docs/projekte/Gruenes_Band/Joint_Vision_FINAL.pdf

[8] Пријателите на Шара се неформална група на НВО од полошкиот регион и од Скопје, која е формирана со мисија да лобира Шар Планина да стане национален парк. Членки основачи на платформата се Македонско еколошко друштво од Скопје, Центар за едукација и развој (ЦЕД) од Теарце, Планинарски клуб „Љуботен" од Тетово и Иницијатива за граѓански интеграции, ИГИ од Гостивар.

[9] https://vlada.mk/sednica/2020-49

[10] Заедничка визија за Шар Планина, креирана од локалното население на општините Гостивар, Врапчиште, Боговиње, Тетово, Теарце и Јегуновце (2018, Пријатели на Шара)

[11] Истражување за унапредување на свесноста на населението за прогласување на Шар Планина за национален парк, (2016, Македонско еколошко друштво), https://cutt.ly/WoBZtrS

# МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на Планот за комуникација, тимот на ЦЕД во соработка со надворешни експерти работеше на собирање на што повеќе податоци и информации кои помогнаа во утврдувањето на комуникациските цели, целните публики, најсоодветните комуникациски алатки и канали, како и во поставувањето на клучните индикатори за мерење на успехот на кампањата. За таа цел, во истражувањето се користеа следните методи за собирање податоци:

- Анализа на постојни документи поврзани со ШарПланина,
- Анализа и позиционирање на засегнатите страни со членовите на „Пријатели на Шара“ (јуни 2020),
- Анализа на документите „Визија за прекугранично подрачје Шар Планина-Кораб“ (2013) и „Визија за Шар Планина 2038“ (2018),
- Состаноци со работниоттим,
- Интервјуа со членови на УНЕП.

Врз основа на добиените сознанија од истражувањето се пристапи кон изработка на Планот за комуникација.

## Предизвици и предности во процесот на прогласување на Шар Планина за национален парк

Предизвиците и предностите во процесот на прогласување на Шар Планина за национален парк се извлечени од SWOT анализата направена со претставниците од платформата „Пријатели на Шара“, односно од Центарот за едукација и развој (ЦЕД) од Теарце, Планинарскиот клуб „Љуботен“ од Тетово, Иницијативата за граѓански интеграции (ИГИ) од Гостивар и Македонското еколошко друштво (МЕД) од Скопје како организации што интензивно работат и дејствуваат на Шар Планина во последните 10 години. Исто така, за поголема објективност во анализата се консултирани дел од експертите што директно беа вклучени во процесот на изработка на Студијата за валоризација на Шар Планина, социо-економската студија за Шар Планина, МЖСПП, како и претставници од УНЕП, како спроведувачи на проектот ГЕФ/УНЕП „Постигнување на заштита на биолошката разновидност преку создавање и ефикасно управување со заштитени подрачја и интегрирање на биолошката разновидност во планирањето на користењето на земјиштето“, во чии рамки се изработува овој план.

### Предизвици:

- Комплексна и сложена постапка за прогласување на Шар Планина за национален парк од една страна и кусиот временски рок за спроведување на кампањата во услови на пандемија со COVID 19 и парламентарни избори. Во согласност соЗа конот за заштита природата, Национален парк се прогласува со закон. Покрај владина, се спроведува и собраниска процедура за донесување на Закон за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк.
- Темата за Шар Планина како иден национален парк е примамлива за многу формални и неформални групи и организации.
- Неможност од воспоставување на директна визуелна комуникација со локалното население поради ситуацијата со COVID 19.
- Краткиот период на спроведување на кампањата и ситуацијата со COVID 19 може да

биде предизвик за пренесување на клучните пораки до сите целни групи, особено во периодите кога треба да се спроведуваат повеќе настани со различни целни групи (рурални форуми/состаноци/инстаграм тури и сл.);

- Потешко вклопување на интересите на засегнатите страни поради различни ставови и интереси во однос на користење на земјиштето, шумите, пасиштата, дивечот и водите во секоја од одделните предлог-зони на идното заштитено подрачје;
- Постојни концесии и нови барања за концесии за мали хидроцентрали и површински ископи;
- Различни интереси на целните публики (концесионери на ловишта и рибници, сопственици на мали хидроцентрали, потенцијални концесионери на минерални суровини итн.);
- Соодветно пренесување на придобивките и можните ограничувања од идниот национален парк до различните целни групи (институции/локална самоуправа/локално население/бизнис-сектор...);

## Предности:

- Иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк е стара повеќе од две децении, а истражувањата од последните години упатуваат дека истата е прифатена од локалното население; Кампањата ќе покаже колкав % од локалното население ја поддржува иницијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк;
- Ентузијазам за остварување на зацртаната цел од страна на институциите и здруженијата на граѓани кои ја поддржуваат иницијативата Шар Планина да се прогласи за национален парк;
- Изготвена Студија за валоризација на Шар Планина со што се исполнети барањата од Законот за заштита на природата, според кој заради утврдување на реалната состојба и обезбедување на стручна основа за изработка на актот за прогласување на заштитено подрачје, се изработува Студија за валоризација или ревалоризација на заштитеното подрачје;
- Претходно воспоставени контакти со целните публики преку различни настани организирани во последните 10 години, а особено по формирањето на платформата „Пријатели на Шара“ во 2015 година;
- Центарот за едукација и развој од Теарце е еден од основачите на платформата „Пријатели на Шара“ која е препознатлива како единствена група на граѓански здруженија што работи на проекти за промоција на инцијативата за прогласување на Шар Планина за национален парк повеќе од 10 години;
- Центарот за едукација и развој од Теарце како и другите партнерски организации во платформата „Пријатели на Шара“ имаат развиени капацитети од различни области, заштита на природата, планински туризам, активности на отворено, едукација на млади, добро воспоставени контакти со локалната самоуправа и со институции во регионот, како и воспоставената мрежа на контакти во планинските села што ќе влезат во границите напаркот;
- Поддршка од поголем број од општините во Полог и од локалното население, како и од засегнатите целни публики (планинари, сточари, производители, собирачи и откупувачи на шумски производи, тур-оператори и др.), за процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк;
- Можност за економски развој преку брендирање на производите од регионот и

развивање натуризмот;

- Прогласувањето на Шар Планина за национален парк ќе обезбеди одржливо и разумно користење на природнитересурси;
- Можност за аплицирање на различни фондови (на пр., прекугранична соработка, рурален развој и заштита наприродата);
- Поддршка на процесот од страна на заштитените подрачја во регионот - Национален парк „Шари“ од Косово и паркот на природата „Кораб-Коритник“ од Албанија, како и од меѓународни донатори кои ја поддржуваат идејата за прекугранично заштитено подрачје.

# ЦЕЛИ НА КАМПАЊАТА

## Општа цел на кампањата:

Прогласување на Шар Планина за национален парк од страна на Собранието на Република Северна Македонија во 2021 година.

## Конкретни комуникациски цели:

1. Застапување и лобирање кај носителите на одлуки (Собрание/Влада/ресорни министерства/локална самоуправа) и кај другите претставници на примарната целна публика за поддршка и олеснување на процесот за прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје во II категорија, односно национален парк;
2. Информирање на локалното население и на приватните бизниси за придобивките и можните ограничувања од прогласувањето на Шар Планина за национален парк;
3. Обезбедување поддршка од граѓанските организации, експертската заедница и од други инцијативи преку нивно поврзување и директно и индиректно вклучување во кампањата;
4. Медиумска поддршка на кампањата преку зголемено известување за теми поврзани со Шар Планина и
5. Зголемување за 10% на бројот на објавени текстови поврзани со кампањата на социјалните медиуми во период од 4 месеци.

## Целна публика

За полесно пренесување на пораките за време на јавната кампања и разбирање на целните публики, Центарот за едукација и развој со своите партнерски организации го изработи документот „Анализа и позиционирање целна публика во врска со јавна кампања за поддршка на прогласувањето на Шар Планина за национален парк", во кој се наведени вкупно 45 засегнати страни. Анализата покажа дека неопходна е блиска соработка и постојано информирање на најголем дел од засегнатите страни во периодот што претстои. За подобро дефинирање на клучните пораки во овој документ е направена поделба на целната публика на примарна и секундарна.

### Примарна публика

**Примарната публика**[12] ја сочинуваат клучните страни што имаат моќ или средства директно да дејствуваат за решавање на процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк.

- *Владини служби и јавни претпријатија*

Влада на Република Северна Македонија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за економија,Министерство за култура, Министерство за транспорт и врски, Министерство за

[12] Дефинициите за примарна и за секундарна публика се цитирани од онлајн-платформата РесПублика https://respublica.edu.mk/digitalen-aktivizam/%D0%BA%D0%B0%D0%BC%D0%BF%D0%B0%D1%9A%D0%B0/

внатрешни работи, Министерство за одбрана, Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за шумарство и ловство, ЈП Национални шуми, ЈП за стопанисување со пасишта, АД Водостопанство, ЈП за државни патишта, Агенција за планирање на простор, Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, Национална агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија, Комисија за транспорт и врски и животна средина во Собрание наРепублика Северна Македонија, ЕЛЕМ Македонија, АД ЕСМ, Управа за заштита на културното наследство, Национален конзерваторски центар, УХМР и други.

o *Локално население*

Земјоделци (кои се занимаваат со растително и сточарско производство, вклучувајќи и пчеларство), шумари, рибари, ловџии, берачи на шумски плодови, лековити и ароматични растенија (ЛАР) и габи, сопственици на земјиште, опфатено со одделни зони во заштитеното подрачје.

o *Бизнис-сектор*

Тур-оператори и туристички агенции, туристички капацитети (хотели/хостели, мотели, ресторани), приватни сопственици на шуми и ловишта, собирачи, откупувачи и преработувачи на природни производи (шумски плодови, лековити и ароматични растенија-ЛАР и габи), концесионери на ловишта и рибници, сопственици на мали хидроцентрали и концесионери на минерални суровини.

o *Локална самоуправа*

Општини и месни заедници[13] во Полошкиот плански регион: Општина Јегуновце, Општина Теарце, Општина Тетово, Општина Боговиње, Општина Врапчиште и Општина Гостивар, како и Центарот за развој на Полошкиот Регион.

## Секундарна публика

Секундарната публика се однесува на групи или поединци кои имаат моќ да влијаат врз клучните страни или можат да го променат јавното мислење. Најчесто, во оваа категорија се групираат поединци и групи што можат да влијаат врз примарната целна публика бидејќи нејзе и се важни нивните ставови и акции... Таа вклучува групи и луѓе што го поддржуваат или обликуваат јавното мислење кон примарната целна публика, како што се:

o *Медиуми*

Локални, регионални и национални медиуми.

o *Граѓански организации,инцијативи*

Спортски клубови, планинарски друштва, скијачки клубови, еколошки друштва, земјоделски здруженија, ловно-риболовни друштва, здруженија на производители на мед, верски лидери и други формални и неформални иницијативи и групи што го поддржуваат процесот за

[13] Во досегашната работа на вклучување на голем број засегнати страни во регионот на Шар Планина на платформата „Пријатели на Шара“ во периодот од 2015-2020 година претседателите на месните заедници се покажале како активни поддржувачи во процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк, како и алармирање на проблемите со уништување на природните ресурси во и околу селските атари. Потребно е нивно

прогласување на Шар Планина за национален парк.

# СТРУКТУРА НА КОМУНИКАЦИСКИ ТИМОВИ

Со цел појасно следење на улогите и комуникацијата во процесот што претстои, во ова поглавје се наведени тимовите што треба да бидат вклучени во пренесување на клучните пораки до различните засегнати страни.

## Тим за консултација во процесот на преговарање

Целта на оваа група е да се креира единствен став за критичните прашања поврзани со прогласувањето на Шар Планина за национален парк, особено помеѓу институциите/локалните самоуправи и јавните претпријатија што дадоа негативно мислење за инцијативата за прифатливост. Во истата треба да се вклучени и претставници на сите релевантни сектори од Министерството за животна средина и просторно планирање како водечка институција во процесот.

## Комуникациски тим

Целта за формирање на овој носечки тим во процесот е да се презентираат единствените ставови и факти поврзани со постапката и значењето на идниот национален парк Шар Планина пред јавноста и целната публика наведена во овој документ и тоа со посебни комуникациски пораки, канали и алатки. Со цел поголема успешност и вклученост на сите одговорни лица, се предлага членови на овој тим да бидат:

МЖСПП:

Претставник од раководниот кадар - министер/државен секретар
– водечка улога во комуникација со јавноста и соодветни настани предвидени во рамки на оваа кампања, но и сродни настани од други орагнизации/институции.

- Претставник од Сектор за природа – водечка улога при работни состаноци со тематски групи.
- Претставник од Канцеларија за комуникација со јавноста – поддршка на начинот на презентирање на ставовите (особено во делот за медиуми, онлајн-платформи на МЖСПП/социјални мрежи) и слично.

УНЕП:

- УНЕП проектен тим – координација.

ЦЕНТАР ЗА ЕДУКАЦИЈА И РАЗВОЈ:

- Лице што ќе дава изјави за медиуми и ќе пренесува пораки кон целните публики во полошкиот регион. Ова лице ќе треба да комуницира со сите комуникацискитимови.

ЕКСПЕРТСКИ ТИМ:

- Главенексперт
- Експерт од област (шумарство, ловство, земјоделство, биолошка/геолошка разновидност, социолог, експерт за ГИС) – поддршка при тематски работни состаноци/настани.
- Претставник на Меѓународната Унија за зачувување на природата - Регионална канцеларија за Источна Европа и Централна Азија (IUCN-ECARO), како изработувачи на предлог Планот за управување со идното НП Шар Планина.

СПРОВЕДУВАЧ НА АКТИВНОСТИ ЗА ЈАВНА КАМПАЊА:

- Претставници од Центарот за едукација и развој (ЦЕД)
- Други лица од платформата „Пријатели на Шара“ со цел спроведување кампања за прогласување на Шар Планина за национален парк со детален план на активности, кој е презентиран во овој документ.

# СТРАТЕГИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА

## Пораки

Во генералната порака ќе се потенцира дека „национален парк“ претставува заштитено подрачје каде што постои правилно управување и користење на природните ресурси, со што целните публики не би го поистоветувале овој термин со некаква забрана за користење. Од оваа порака ќе произлезат посебни пораки за секоја целна публика.

## Генерална порака

***Предлог 1***

*Со прогласување на Шар Планина за национален парк ќе постигнеме одржливо управување и правилно користење на природните ресурси, како и социо-економски развој и благосостојба за природата и за луѓето.*

***Предлог 2***

*Преку прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје ќе имаме правилно управување со природните ресурси, поголема препознатливост на регионот со брендирани производи, а ќе се приближиме и кон европските стандарди за зачувување на животната средна и природата.*

***Предлог 3***

*Со прогласување на Шар Планина за национален парк ќе се креира едно од најголемите прекугранични заштитени подрачја во југоисточна Европа.*

Клучните елементи што треба да бидат потенцирани при комуникацијата со целните публики, а се произлезени од дел од примарната публика во рамки на процесот на визионирање одржан во 2018 година, се:

- Шара не е ничија земја, таа е национално богатство и бисер на балканскиот зеленпојас.
- Правилното управување со природните ресурси на Шара ќе донесе благосостојба и за луѓето и за природата.

## Предлог-слоган

| **#ДаЈаЗачувамеШара #ШарПланинаЗаНационаленПарк #ЕднаЕШара** |
|---|
| **#СИТЕзаШАРА #ЈаЧувамеШара #Шар Планина - нашиот природен дом** |

## Пораки за одделни целни публики:

o ***<u>Јавни институции</u>***

*Поддршката од јавните институции е од клучно значење за прогласување на Шар Планина за национален парк.*

*Прогласувањето ќе овозможи правилно управување со природните ресурси, заштита на природните вредности на нашата држава, а особено и одржлив развој на регионот.*

*Со прогласувањето нов национален парк се приближуваме кон меѓународните политики за заштита на природата (ЕУ- НАТУРА 2000, меѓународни конвенции и AICHI цели од Конвенција за биолошка разновидност), а се остваруваат и националните цели од стратегиите за заштита на природата и за биолошката разновидност.*

o ***<u>Јавни претпријатија</u>***

*Преку прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје ќе се овозможи одрживо стопанисување со природните ресурси (шуми, пасишта, води...), на терен ќе има поголема контрола на овој регион и ќе се придонесе кон зачувување на природата и на животната средина и нивно долгорочнокористење.*

*Јавните претпријатија на овој начин ќе обезбедат одрживо и разумно стопанисување со овие ресурси.*

o ***<u>Локално население ибизнис-сектор</u>***

*Со прогласувањето на Шар Планина за заштитено подрачје ќе имаме правилно и одрживо користење на природните ресурси, ќе ја заштитиме животната средина и ќе ги зачуваме убавините на овој регион за сегашните и идните генерации.*

*Производите од овој регион ќе имаат поголема и додадена вредност, бидејќи потекнуваат од заштитено подрачје, што ќе значи полесен пласман на пазарот и повисоки цени.*

*Заштитата на Шар Планина ќе придонесе и за развој на екотуризмот и отворање нови бизниси, што, пак, ќе значи подобар економски стандард, поквалитетен живот на локалното население и задржување намладите.*

*Воспоставувањето на идното заштитено подрачје нема да значи прекин на традиционалните практики, како што се напасување стока, косење ливади, одржување ниви, овоштарници и градини, пчеларство и одгледување домашни локални сорти растенија и раси животни и берење шумски плодови.*

*Локалното население и бизнис-секторот кои се присутни во границите или во близина на заштитеното подрачје ќе имаат полесен пристап до различни фондови (домашни и странски).*

*Управата на националниот парк ќе гарантира одржливо користење на ресурсите, како и нивно зачувување во зоната за строга заштита и зоната за активно управување, а тоа значи дека ќе постои поголемо спроведување на законските обврски (поголема контрола врз дива сеча, криволов, нелегална урбанизација, девастација и сл.).*

*Во идното ЗП би се унапределе условите во животната средина (заштита од пожари, загадување на водите, деградација на шумите, поголема контрола на ерозијата за земјиштето, нарушување на функционалноста на речните екосистеми), а со тоа ќе се подобрат и природните услови за производство на еколошки и квалитетни производи одрегионот.*

o ***Локална самоуправа***

*Од особено значење за процесот за прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје е и поддршката од локалната самоуправа која ќе покаже и ќе потврди дека општините работат во интерес на граѓаните.*

*Со прогласувањето на Шар Планина за заштитено подрачје ќе се овозможи плански меѓуопштински развој и регионален економски развој. Општините ќе имаат пристап до нови фондови за развој на инфраструктурата, особено во руралните средини и меката инфраструктура во идниот национален план.*

*Ќе се зајакне регионалната промоција и ќе се подобри перцепцијата за општините и за регионот; ќе се отворат нови бизниси и ќе се развиваат нови форми на туризам, кои, пак, ќе отворат нови работни места, а со тоа ќе се задржат и младите во регионот.*

*Исто така, со брендирање на регионот како заштитено подрачје производите ќе имаат поголема вредност, но и подобар пласман на пазарот.*

*Поголем пристап до европски фондови како и фондации кои поддржуваат проекти поврзани со (Европски зелен појас, Натура 2000 и сл.).*

*Соработка со Република Косово и со Република Албанија на повеќе теми: одржливо користење на природните ресурси (шумарство, сточарство, пчеларство), заштита на природата, туризам, едукација, промоција исличнo.*

- ***Медиуми***

  *Преку зголемено известување за процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк, медиумите ќе ја исполнат својата улога како чувари на јавниот интерес.*

  *Наметнувајќи ја темата на медиумската сцена, ќе можат дополнително да влијаат врз јавните институции, но и врз другите засегнати страни во правец на подобро разбирање на главните промени (придобивки и можни ограничувања) кои ќе произлезат од прогласувањето на подрачјето зазаштитено.*

  *Оттука, поддршката од медиумите во процесот на прогласување е од особено значење како за МЖСПП, така и за спроведувачите на оваа кампања, а тоа е Центарот за едукација и развој и другите ѓраѓански организации кои со потпишувањето на меморандумот за соработка ќе се вклучат со свои активности.*

- ***Граѓански организации/иницијативи (НВО) и експертска јавност***

  *Само со заеднички ангажман со граѓанските организации/инцијативи, како и со експертите во активности од кампањата за прогласување на Шар Планина за национален парк, ќе може да се влијае овој предлог да биде прифатен од сите надлежни институции, а потоа и од сите засегнати страни (целни публики) во полошкиотрегион.*

  *Прогласувањето е важно за заштита на природата, биолошката разновидност, правилно управување со природните вредности кои ќе помогнат Шар Планина да се зачува за сегашните и идните генерации како природно богатство од национално и од меѓународнозначење.*

  *Во овој контекст, граѓанските организации и експертската јавност треба да се силни поддржувачи на кампањата и на пренесувањето на клучните пораки кон јавноста и кон одделните целнипублики.*

  *Од друга страна, пак, токму тие во иднина ќе имаат зголемени можности за соработка и аплицирање за проекти поврзани со националниот парк „Шар Планина“.*

# ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

Кампањата ќе се спроведува во период од четири месеци во две етапи и тоа подготвителен период од еден месец и период на реализација на активностите - три месеци. Кампањата ќе ја спроведува Центарот за едукација и развој (ЦЕД) од Тераце, со поддршка на платформата „Пријатели на Шара“, но во некои од активностите ќе бидат вклучени и други релевантни и активни формални и неформални здруженија од полошкиот регион кои со потпишување на Меморандумот за соработка „ЗАЕДНИЧКА ВИЗИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ИДНИОТ НАЦИОНАЛЕН ПАРК ШАР ПЛАНИНА“ ќе искажат желба и интерес да го помогнат со свои активности процесот на прогласување, но и понатамошна грижа и заштита на идниот национален парк.

Во сите активности на кампањата спроведувачот на кампањата (ЦЕД) ќе има отворена комуникација со претставници на Министерство за животна средина и просторно планирање, особено Канцеларија за комуникации со јавноста, преку УНЕП кој има улога да обезбеди координација помеѓу ЦЕД, експертскиот тим и МЖСПП, а со цел е навремено, јасно и точно пренесување на клучните пораки до целните публики дефинирани со оваа кампања.

Центарот за едукација и развој (ЦЕД) во дел од своите промотивни настани ќе соработува и со експерти од Институтот за екологија и технологија од Универзитетот во Тетово и од Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје и други факултети и експерти со цел промоција на природните вредности на Шар Планина и доближување на пораката зошто Шар Планина заслужува да биде национален парк. Особено важна и неопходна ќе биде соработката со експертскиот тим, комуникацискиот тим и Тимот за консултација во процесот на преговарање[14], а со цел пренесување информации за прогресот и усогласувањето на ставовите помеѓу повеќе институции и јавни претпријатија. Со таа цел, ЦЕД и неговите партнери за време на траењето на оваа кампања ќе назначат лице за комуникации, кое ќе ги информира сите членови на работната група, комуникацискиот тим и експертскиот тим за евентуални промени во ставовите од страна на одделни групи (засегнати страни), како и конкретни прашања што може да доаѓаат од ловции, сточари, сопственици на земјишта и слично. Експертскиот тим ќе треба да доставува навремени и јасни одговори заради транспарентност на процесот и прифаќање на главната цел на оваа кампања, а тоа е прогласување на Шар Планина за националенпарк.

Од друга страна, за успех на овој процес е важно во сите институции кои директно имаат одговорности во однос на одредени концесии или стопанисување на ресурси на Шар Планина да има назначени лица кои во рамки на своите институции ќе се заложат и ќе помогнат за брзо и ефикасно спроведување на сите формалности и процедури неопходни за процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк.

Поддршката од локалната самоуправа во овој процес, исто така, е од особена важност. За време на подготвителната фаза, но и за време на спроведувањето на оваа кампања, ќе се организираат директни состаноци и средби со претставници на општините од полошкиот регион, но и со дел од претседателите на месните заедници со цел обезбедување на нивната поддршка и споделување на продуктите од кампањата со локалното население.

[14] Види поглавје 2. СТРУКТУРА НА КОМУНИКАЦИСКИ ТИМОВИ

## Подготвителна фаза

Во оваа фаза ќе се подготвуваат документи за спроведување на кампањата, односно документот „План за комуникација во процесот на прогласување на Шар Планина за национален парк“, со детален план на активности и временска рамка, ќе се подготват лого и слоган на кампањата, како и различни промотивни материјали. Подолу се наведени активностите кои треба да се реализираат во овој период, односно пред почетокот на кампањата.

- Дизајн на лого и слоган на кампањата. Слоганот и логото треба да ја отсликуваат целта на кампањата, но и локалното население треба да се идентификува со нив. Слоганот може да се интегрира во самото лого. Тие ќе се користат во сите промотивни материјали, како и во документите.
- Подготовка на промотивни материјали и документи, како што се брошура, еколошка торба, планинарска марама, onepager/fact sheets и соопштенија. Исто така, во оваа фаза треба да се промовира и Студијата за валоризација на Шар Планина. Треба да се изработи и банер за кампањата кој ќе стои на веб-сајтот на Центарот за едукација и развој, а може да се побара да биде поставен и на платформите на општините во Полошкиот Регион, како и на Центарот за развој на Полошкиот Регион, а ќе води до содржини поврзани со кампањата. Изработка на медиумски содржини што ќе се споделуваат за време на кампањата, како што се онлајн-квизови, едукативни фотообјави, фотоприказни, повеќе видеа за Шар Планина во кои би се прикажале природните вредности на регионот што претставува заштитено подрачје, кои се бенефитите од заштитувањето и слично.
- Постојано ажурирање на веб-сајтот и на профилите на ЦЕД и на платформата „Пријатели на Шара“ на социјалните медиуми со информативни содржини од кампањата. Кога ќе почне кампањата, треба да бидат поставени банерот, слоганот и информација за започнување на процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк. Потоа во континуитет треба да се внесуваат нови содржини од активностите во кампањата, информации од настани, најави, едукативни објави, истражувања и сл. Ажурирањето на интернет-страниците и на социјалните медиуми треба да е најмалку двапати неделно, а пожелно е и почесто за време на кампањата. Сите содржини ќе бидат објавени на веб-платформата и на профилите на социјалните медиуми на ЦЕД и на МЖСПП, како и на платформата „Пријатели на Шара“. Спроведувачот на кампањата ќе побара од граѓанските организации и инцијативи да споделуваат информации и на нивните платформи. За да се воспостави континуитет во информирањето на целните публики за време на кампањата, треба да се направи план за социјални медиуми. Содржините што ќе се објавуваат на социјалните медиуми треба да бидат приспособени на нивниот формат. ЦЕД треба да предвиди и буџет за спонзорирани содржини.
- Изработка на резимеа за јавни политики (policy brief/fact sheet/one pager) за подобро застапување пред институциите надлежни за прогласување на заштитеното подрачје. За секоја институција, ЦЕД ќе треба да подготви посебно резиме кое најдобро ќе ги прикаже придобивките од аспект на нивното дејствување (во консултација со УНЕП и експертски тим и МЖСПП).

- Подготовка на план на активности со датуми, кога, кој, што треба на направи (средби, состаноци со различни целни публики и др.), за да може да се планираат ресурсите и да нема совпаѓање со другиактивности.

## Фаза за реализација

Во оваа фаза, која ќе трае три месеци, ќе се спроведат сите активности за комуникација со различни целни публики, а во согласност со комуникациските цели.

**Остварување на комуникациска цел 1:** Застапување и лобирање кај носителите на одлуки (Собрание/Влада/ресорни министерства) со цел да се олесни процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк.

***Средби и состаноци со ресорни министерства и со локалната самоуправа***

На средбите и состаноците со ресорните министерства ќе се претстават резимеата за јавни политики, ќе се разговара зошто е важно Шар Планина да биде прогласена за заштитено подрачје во категорија национален парк и што тоа ќе значи за нивното работење, но и за граѓаните и за државата. На средбите треба да се нагласи потребата од зголемување на заштитените подрачја во Македонија како една од обврските што треба да се исполнат за добивање членство во ЕУ. Иако локалната самоуправа, главно, го поддржува процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк, ЦЕД треба да одржува постојана комуникација со неа преку редовни средби на кои ќе ги информира за сите нови случувања во процесот, но и ќе ја осигури нивната поддршка.

**Остварување на комуникациска цел 2:** Информирање на локалното население и на приватните бизниси за придобивките од прогласувањето на Шар Планина за национален парк.

***Онлајн презентација на Студијата за валоризација за Шар Планина (УНЕП)***

Тимот на УНЕП во соработка со експертскиот тим ќе организира онлајн презентација на Студијата за валоризација на Шар Планина за сите засегнати страни преку платформата ZOOM.

***Јавна презентација на Студијата за валоризација на Шар Планина (Институт за екологија и технологија – Државен тетовски универзитет/УНЕП)***

Институт за екологија и технологија од Државен тетовски универзитет во соработка со тимот на УНЕП ќе организија јавна презентација во живо (доколку мерките за превенција од КОВИД-19 го дозволуваат тоа). На јавната презентација ќе бидат поделени дел од промотивните материјали планирани за оваа кампања, а освен презентација на клучните наоди од Студијата за валоризација на Шар Планина, ќе биде овозможен и простор за дискусија и поставување прашања од локалното население и сите засегнати страни (целни публики). Освен јавна презентација за Студијата за валоризација на Шар Планина, МЖСПП ќе треба да организира и јавна расправа за предлог-закон за прогласување на Шар Планина за национален парк.

## Настани за промоција на Шар Планина за национален парк

***Рурални форуми***

Рурални форуми за шумари, ловции, пчелари, собирачи и откупувачи на шумски производи со кои подобро ќе се информираат за тоа што претставува „заштитено подрачје“, што значи тоа и кои ќе бидат придобивките за нив. Со оглед на големината на регионот и краткиот термин за спроведување на активностите од оваа кампања, предвидено е да се одржат пет тематски форуми со локалното население од најмалку три, а најмногу шест општини од регионот. Форумите е предвидено да се одржат во живо и на нив да се зборува за тоа што ќе значи воспоставувањето на националниот парк во однос на ловството, сточарството/земјоделството, како и туризмот како посебна дејност. Поради пандемијата со КОВИД-19, не е исклучено дел од овие средби да се организираат електронски.

***Патувачко кино во рурални средини***

Подготвените видеа во рамки на оваа кампања ќе се презентираат на промоции во планинските села што ќе бидат дел од идниот национален парк. Предвидени се најмалку три вакви промоции.

***Планинарски тури претставени на Инстаграм***

Предвидено е организирање планинарски тури за поголема промоција на природните и на културните вредности на Шар Планина и на полошкиот регион кои ќе бидат претставени на Инстаграм. За време на оваа кампања ќе се одржат најмалку две вакви тури со фотографи и познати „инфлуенсери“. Фотографиите потоа ќе се споделуваат на социјалните мрежи со соодветна ознака (хаштаг) и слоган на кампањата.

**Остварување на комуникациска цел 3:** Обезбедување поддршка од граѓанските организации, експертската заедница и од други инцијативи преку нивно поврзување и директно и индиректно вклучување вокампањата.

***Средби и состаноци со граѓански организации и иницијативи***

Поддршката од граѓанските организации и иницијативи и нивното вклучување во активностите од кампањата ќе помогнат во поефикасно спроведување на оваа кампања. ЦЕД може да ги вклучи во различни активности, како што се онлајн-средби, рурални форуми, планинарски тури, средби со јавните институции и локални бизниси, медиумски дебати и друго. Граѓанските организации и иницијативи може да бидат вклучени и со нивни активности во кампањата. За остварување на оваа цел, ЦЕД ќе организира онлајн-средба со локалните здруженија од регионот за да обезбеди поддршка за престојната кампања и целосна вклученост на сите засегнати страни во процесот. Подготвеноста за поддршка на процесот и вклучување во камањата ќе биде потврдена со потпишување на Меморандумот за соработка помеѓу МЖСПП и граѓанските друженија кој ќе биде од отворен карактер и сите граѓански иницијативи кои ќе пројават интерес ќе можат да се вклучат.

**Остварување на комуникациска цел 4:** Медиумска поддршка на кампањата преку зголемено известување за теми поврзани со Шар Планина.

***Прес-конференција***

На почетокот на кампањата ЦЕД во соработка со УНЕП и МЖСПП, ќе организираат прес-конференција со која ќе се најават активностите од кампањата за прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје во категоријата национален парк. На прес-конференцијата на новинарите ќе им се поделат печатени материјали (соопштение за јавност, onepagers) и промотивни материјали (брошура и екоторба). По завршување на пресот, ЦЕД ќе испратат до медиумите соопштение со фотографии од настанот.

***Брифинг со новинари***

ЦЕД треба една група новинари постојано да ги кани на брифинзи, да ги контактира и информира за процесот за прогласување на Шар Планина за заштитено подрачје. Брифинзите можат да бидат во различни форми – кафе-средби, неформални средби и слично. Корисно би било да се направи контакт-листа со тие новинари или е-маил група, каде во континуитет ќе се информираат додека трае целиот процес, а не само за време на кампањата. Важно е да се припремат новинарите со цел правилно известување за време на кампањата.

***Гостувања во емисии, интервјуа, прилози и коментари***

За да има поголема медиумска покриеност на кампањата и на целиот процес за прогласување, претставници на ЦЕД, „Пријатели на Шара“ и на граѓанските организации поддржувачи на кампањата редовно ќе гостуваат во утрински емисии, во вести, во радиоемисии и во ТВ-дебати. Исто така, ЦЕД во соработка со неколку медиуми ќе изработи видеоприлози и фотоприказни поврзани со Шар Планина и ќе ги објави во медиумите. Овие содржини треба да се споделуваат и на онлајн-платформите на ЦЕД, „Пријатели на Шара“ и на други граѓански организации. Во соработка со некои медиуми може да се објави коментар на уредникот на медиумот зошто е важно прогласувањето заштитени подрачја или експерти и претставници на ЦЕД и на „Пријатели на Шара“ да објавуваат свои колумни и коментари на оваа тема. Во овој контекст, може да се направат и интервјуа со претставници од заштитените подрачја во Косово и во Албанија и што би значело ново заштитено подрачје во контекст на прекугранична соработка и еколошки мрежи икоридори.

**Остварување на комуникациска цел 5:** Зголемување за 10% на бројот на објавени текстови поврзани со кампањата на социјалните медиуми во период од 4 месеци.

***Планинарски тури претставени на Инстаграм***

За да се стигне до поголема публика и да се зголеми бројот на објави за кампањата на социјалните мрежи, ЦЕД ќе организира прошетка низ Шар Планина за група од 6 до 10 „инстаграмџии“ кои ќе објавуваат содржини со убавините на овој регион на Инстаграм. „Инстаграмџиите“ што ќе бидат одбрани треба да имаат кредибилитет кај јавноста и да објавуваат теми од јавен интерес. Треба да се направи посебна ознака (хаштаг) за кампањата која „инстаграмџиите“ ќе ја користат при објавувањето. Препорачливо е ознаката да произлезе од слоганот за публиката полесно да ја препознае. Овие фотографии можат да се објават и на други социјални мрежи (Фејсбук и Твитер).

***Објави на социјални медиуми***

На профилите на ЦЕД и на „Пријатели на Шара“ на социјалните медиуми (Фејсбук, Твитер, Инстаграм и Јутјуб) во континуитет за време на целиот процес треба да се објавуваат содржини (онлајн-квизови, едукативни објави, видеа, истражувања, прилози, фотоприказни и др). Овие содржини не само што ќе информираат и едуцираат, туку и ќе ја наметнат темата во јавноста. Истите можат да се реобјават и на дигиталните медиуми на општините, граѓанските здруженија, локалните бизниси (хотели, ресторани итн.).

## Канали за комуникација

- Рекламни/промотивни материјали (банери, брошури, екоторби,марами).
- Медиуми (телевизија, радио, весници,портали).
- Онлајн-платформи на ЦЕД и на МЖСПП како и каналите на „Пријатели на Шара“, други здруженија и иницијативи што ќе се приклучат кон кампањата.
- Профилите на ЦЕД и на „Пријатели на Шара“ на социјалните медиуми (Фејсбук, Јутјуб) и веб страната и профилите наМЖСПП.
- Истовремено, дел од бизнис-заедницата може да се приклучи на кампањата ставајќи знак на своите социјални медиуми со порака #И ЈАС СУМ ПРИЈАТЕЛ НАШАРА!

## Ресурси

Во согласност со активностите предвидени во кампањата, подолу се дадени потребните човечки, финансиски и технички ресурси за успешна имплементација.

<u>Човечки ресурси</u>

- Координатор накампања
- Лице за комуникација
- Лице за техничка поддршка
- Лице задолжено за финансии

<u>Технички ресурси</u>

- Фотоапарат
- Камери
- Простории занастани
- Лаптоп
- Интернет
- ЛЦД проектор

<u>Финансиски ресурси</u>

- Хонорари за надворешнисоработници
- Средства за промотивни материјали
- Средства за превоз и за храна
- Средства за спонзорирани содржини на социјални медиуми и на традиционални медиуми

# ЕВАЛУАЦИЈА

Во целиот процес на спроведување на кампањата, ЦЕД ќе го следи текот на реализација на активностите преку координирање на дневна основа и редовни состаноци и навремено ќе реагира на можни промени или проблеми, со цел нивно надминување. Евалуацијата ќе се спроведе за да се утврди како поминала кампањата, дали ја постигнала целта, што било добро и што може да се подобри во иднина. Во **табела 1** се дадени индикатори за секоја комуникациска цел одделно.

Табела 1.

| **Комуникациска цел** | **Активност** | **Индикатори за мерење** |
|---|---|---|
| **Конкретна цел: 1**<br><br>Застапување и лобирање кај носителите на одлуки (Собрание/Влада/ресорни министерства/локална самоуправа) и кај другите претставници на примарната целна публика за поддршка и олеснување на процесот за прогласување на Шар Планина за национален парк | Подготовка на промотивни материјали и на документи<br><br>Изработка на резимеа за јавни политики (policy brief)<br><br>Средби и состаноци со надлежни институции за прогласување и со локалната самоуправа | Подготвени лого и слоган на кампањата<br><br>Изработени и презентирани резимеа за јавни политики<br><br>Број на реализирани состаноци од предвидени и број на присутни |
| **Комуникациска цел: 2**<br><br>Информирање на локалното население и на приватните бизниси за придобивките од прогласувањето на Шар Планина за национален | Подготовка на промотивни материјали и на документи<br><br>Јавни презентации на Студијата за валоризација на Шар Планина (1 онлајн и 1-2 во регионот) | Подготвени лого и слоган на кампањата. Изработени промотивни материјали<br><br>Одржани повеќе јавни презентации на Студијата за валоризација на Шар Планина |

| | | |
|---|---|---|
| Парк | Патувачко кино во рурални средини<br><br>Планинарска тура<br><br>Рурални форуми | Број на реализирани настани во рамки на руралното кино, број на учесници, број на медиумски содржини<br><br>Реализирана планинарска тура, број на учесници, број на медиумски содржини<br><br>Број на реализирани форуми и број на учесници |
| **Комуникациска цел: 3**<br><br>Обезбедување поддршка од граѓанските организации, експертската заедница и од други инцијативи преку нивно поврзување и директно и индиректно вклучување вокампањата | Подготовка на промотивни материјали и надокументи<br><br>Патувачко кино во рурални средини<br><br>Планинарска тура низ Шар Планина.<br><br>Средби и состаноци/онлајн или во живо<br><br>Активности на локалните НВО во рамки на кампањата | Подготвени лого, дизајн и слоган на кампањата. Изработени промотивни материјали<br><br>Број на реализирани настани во рамки на оваа активност, број на учесници, број на медиумски содржини<br><br>Реализирана планинарска тура, број на учесници, број на медиумски содржини<br><br>Број на реализирани состаноци од предвидени и број на присутни<br><br>Број на реализирани активности на локалните НВО-и во рамки на кампањата |

| | | |
|---|---|---|
| **Комуникациска цел: 4**<br><br>Медиумска поддршка на кампањата преку зголемено известување за теми поврзани со Шар Планина | Подготовка на промотивни материјали и документи<br><br>Изработка на медиумски содржини<br><br>Патувачко кино во рурални средини<br><br>Планинарска тура низ Шар Планина<br><br>Прес-конференција<br><br>Брифинг соновинари<br><br>Гостувања во емисии, интервјуа, прилози икоментари | Изработени лого и слоган на кампањата. Изработени промотивни материјали<br><br>Број на изработени медиумски содржини<br><br>Број на реализирани настани во рамки на оваа активност, број на учесници, број на медиумски содржини<br><br>Реализирана планинарска тура, број на учесници, број на медиумски содржини<br><br>Број на присутни медиуми, број на објави<br><br>Број на реализирани брифинзи, број на присутни новинари, број на објави<br><br>Број на учества во емисии, интервјуа, прилози и коментари и број на објави |
| **Комуникациска цел: 5**<br>Зголемување за 10% на бројот на објавени текстови поврзани со кампањата на социјалните медиуми во период од 4 месеци | Изработка на медиумски содржини<br><br>Постојано ажурирање на веб-сајтот и на социјалните медиуми | Број на изработени медиумски содржини<br><br>Број на вкупно објавени содржини од почетокот до крајот на кампањата, фреквенција на објави |

| | | |
|---|---|---|
| | Гостувања во емисии, интервјуа, прилози и коментари<br><br>Планинарска тура претставена на Инстаграм<br><br>Објави на социјални мрежи | Број на учества во емисии, интервјуа, прилози и коментари и број на објави<br><br>Реализирани повеќе тури, број на учесници, број на објави на Инстаграм<br><br>Број на објави и фреквенција на објавување |

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


УНЕП регионална канцеларија во Виена (2020). Студија за валоризација на Шар Планина. стр. 683.

Влада на Р. Македонија (2004). Закон за заштита на природата. Сл. Весник 67/2004

Благоја Маркоски ... [и др.] (2016). НАЦИОНАЛНА стратегија за заштита на природата : (2017-2027) - Скопје: Министерство за животна срединаи просторно планирање, 2016. -208 стр. : илустр. ; 30 см

Робертина Брајаноска ... [и др.] (2018). НАЦИОНАЛНА стратегија за биолошка разноводност со акциски план: за периодот 2018 – 2023- Скопје: Министерство за животна средина и просторно планирање - 85 стр: илустр. ; 30 см

Melovski et al. (D., Von Arx, M., Avukatov, V., Breitenmoser-Würsten, C., Đurović, M., Elezi, R., Gimenez, O., Hoxha, B., Hristovski, S., Ivanov, Gj., Karamanlidis, A.A., Lanz, T., Mersini, K., Perovic, A., Ramadani, A., Sanaja, B., Sanaja, P., Schwaderer, G., Spangenberg, A., Stojanov, A., Trajce, A. & Breitenmoser, U.) (2018). Using questionnaire surveys and occupancy modelling to identify conservation priorities for the Critically Endangered Balkan lynx Lynx lynx balcanicus. Oryx, 1-9.

BirdLife International (2008). Neophron percnopterus, in: IUCN (2011): IUCN Red List of Threatened Species. Version 2011.2. <www.iucnredlist.org>. Downloaded on 13 June 2012.

Stefanov T. (2007). Fauna and distribution of fishes in Bulgaria. In: Biogeografy and Ecolgy of Bulgaria Springer 2007 (Edit) V. Fer and A. Popov.

Kottelat M. and Freyhof J. (2007). Handbook of European Freshwater Fishes. Kottelat, Cornol, Switzerland and Freyhof, Berlin, Germany.

Lemonnier-Darcemont, M., Chobanov, D. & Krpac, V.T. (2014). Red List of Orthoptera of the Republic of Macedonia. La Revue d'écologie (La Terre Et La Vie), 69, 151-158.

ДЕКОНС - ЕМА (2020). Социо-економска студија за Шар Планина. Проект „Поддршка на земјите од Западен Балкан за имплементација на мултилатералните договори за животна средина преку зајакнување на нституционалната рамка и градење на капацитетите", имплементиран од УНЕП, со поддршка од италијанското Министерство за животна средина, земјиште и море.

Меловски et al. (2009). Студија за валоризација на природните вредности на Шар Планина и проценка на нивната пазарна вредност – завршен извештај. Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, стр. 1-186, Скопје.

Еуронатур, Македонско еколошко друштво (2011). Визија за прекугранично подрачје Шар Планина-Кораб

Пријатели на Шара (2018). Заедничка визија за Шар Планина, креирана од локалното население на општините Гостивар, Врапчиште, Боговиње, Тетово, Теарце и Јегуновце

Македонско еколошко друштво (2016). Истражување за унапредување на свесноста на населението за прогласување на Шар Планина за национален парк.

BirdLife International, 2008. Neophron percnopterus, in: IUCN (2011): IUCN Red List of Threatened Species. Version 2011.2. <www.iucnredlist.org>. Downloaded on 13 June 2012